АЕК
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Ул. „ Димитрие Чуповски " бр.13
1000 Скопје
Република Македонија

тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 24 611

contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

Од шестиот состанок во 2012 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации одржан на 28.03.2012 година со почеток во 17:00 часот

Петиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 28.03.2012 година во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа:

1. Претседател на Комисијата г-ѓа Гордана Клинчарова
2. Членот на Комисијата г-н Петар Есмеров,
3. Членот на Комисијата г-н Горан Велинов,
4. Членот на Комисијата г-н Славе Веловски,
5. Членот на Комисијата г-н Газменд Ајдини,
6. Шефот на кабинет на Директорот г-н Владимир Ристевски
7. Соработникот за правни работи во својство на записничар г-ѓа Бојана Стефановска;

На состанокот беше предложен и усвоен следниот дневниот ред:

1. **Усвојување на записникот од шестиот состанок на Комисијата на АЕК оддржан на 28.03.2012 г. и усвојување на дневниот ред;**
   Записникот и дневниот ред беа едногласно усвоени;

2. **Презентација на Ревизорскиот извештај за работата на АЕК за 2011 година;**

Претставници од Друштвото за ревизија и консалтинг РЕВИЗИОНС ДОО Скопје изјавија дека нацрт писмото до раководството е позитивно. Јасно го истакаа своето позитивно мислење за наменското и законито трошење на средствата на АЕК и ги истакнаа своите предлози за подобро функционирање на работата на АЕК.

3. **Усвојување на Годишниот извештај за работата на АЕК за 2011 година;**

Откако беше презентиран годишниот извештај за работа на Агенцијата за 2011 година истиот беше усвоен од Комисијата и ги задолжија службите во Агенцијата да го испратат до Собранието на Република Македонија.

4. **Усвојување на измените на Статутот на Агенцијата за електронски комуникации;**

Имајќи ги во предвид измените на Законот за електронски комуникации неопходна беше измена на Статутот на Агенцијата по што Комисијата даде согласност и задолжение до службите на Агенцијата да ги испратат предложените измени до Собранието на Република Македонија за добивање на согласност.

5. **Разно;**

Состанокот заврши во 20:30 часот.

Гордана Клинчарова, Претседател

Петар Есмеров, член

Горан Велинов, член

Славе Веловски, член

Газменд Ајдини, член

Наш број ___________

Скопје _____________